Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневни настани 19.12.2024

На 18.12.2024 околу 23.45 часот во населба Средорек во Куманово, полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка- Одделение за потраги во содејство со полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Куманово ги лишиле од слобода И.Р.(25) и Е.И.(23), двајцата од Скопје, кои биле барани по централни потерници поради бегство од Казнено – поправните установи Затвор Идризово и Затвор Струмица. И.Р. бил осуден на казна затвор од шест години за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик, а имал за доиздржување пет години и девет месеци од казната. Додека, Е.И. бил осуден на казна затвор од една година за сторено кривично дело „тешка кражба". Лицата биле спроведени во казнено – поправните установи за доиздржување на казните.

На 18.12.2024 околу 20.00 часот во Кочани, полициски службеници од ОВР Кочани ги лишиле од слобода Б.А.(23) од Кочани. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, бела грутчеста материја, таблети и грендер. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.12.2024 во 01.50 часот, полициски службеници од СВР Охрид ги лишиле од слобода Б.А.(31) од Скопје. При преглед во неговото патничко возило „фолксваген" со скопски регистарски ознаки, извршен кај туристичката населба Свети Стефан, полициските службеници пронајдоа и одзедоа марихуана, метален грендер и повеќе семки од растението канабис. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (19.12.2024) во 03.27 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода В.З.(30) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (19.12.2024) во 02.30 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го приведе А.Б.(22) од Скопје, затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.12.2024 во 18.45 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.12.2024 во 22.40 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода И.Д.(37) од Прилеп затоа што кај него била пронајдена и одземена грутчеста материја. По документирање на настанот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.12.2024 во 01.00 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Б.М.(37) од Штип затоа што кај него биле пронајдени и одземени бела грутчеста материја, повеќе различни таблети, дигитална вага и метален боксирач. По целосно документирање на случајот, ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 18.12.2024 во 11.07 часот во СВР Битола, било пријавено дека на ул.„Македонска фаланга" во Битола, патничко возило „застава 101" со битолски регистарски ознаки, управувано од Д.Т.(67) од Битола, удрило во Д.М.(68) од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Д.М., констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 18.12.2024 во 15.30 часот во Полициската станица Гостивар, било пријавено дека на локален пат во с.Долна Бањица, гостиварско, патничко возило удрило во пешакот М.С.(34) од с.Долна Бањица, по што возачот заедно со возилото го напуштил местото на настанот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Општа болница Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 18.12.2024 околу 06.40 часот во Полициската станица Винница било пријавено дека на регионалниот пат Првалец - с.Чојмирово, на место викано „Горна Осојница", патничко возило „шевролет спарк" со штипски регистарски ознаки, управувано од З.М.(53) од Берово, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот В.М.(22) од Берово, а со телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Општата болница Кочани и Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Винница.

На 18.12.2024 во 19.30 часот во СВР Тетово, Х.С.(29) од Тетово пријавил дека околу 17.30 часот во с.Порој, тетовско, бил каснат од куче скитник.

На 18.12.2024 во 15.00 часот СВР Тетово, 28 - годишна жена од тетовско село пријавила дека едно лице се обидело да ја измами. Според пријавеното, лицето ја контактирало на социјална мрежа и се понудило да даде донација за нејзиниот болен брат, при што побарало да му испрати лична карта и трансакциска сметка од лице кое е во работен однос. Како што е пријавено, набргу на сметката на нејзината мајка пристигнале 19.000 денари, за кои им рекол да ги подигнат и нему да му дадат 15.000 денари, додека останатите 4.000 денари ги остава за донација. Исто така, според пријавеното, кога отишле во банка им кажале дека парите кои им биле пуштени на сметка потекнуваат од брз кредит на нејзино име, по што веднаш било реагирано и парите биле вратени по испракачот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје, 25-годишна жена од Скопје пријавила дека во семејниот дом на подрачјето на Бит Пазар, во неколку наврати, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неговата баба М.М.(54), која употребила и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.12.2024 околу 04.30 часот на Граничниот премин Богородица, на влез во државата, во товарно возило „волво" со словенечки национални ознаки, управувано од К.К.(48) од Валандово, полициски службеници пронашле шест лица - мигранти, од кои четири лица од Сирија и две од Авганистан. По извршен разговор со возачот и мигрантите било констатирано дека тие влегле во возилото додека возачот правел пауза. Лицата биле спроведени во прифатно – транзитен центар во Гевгелија за понатамошна постапка.

На 18.12.2024 во 11.50 часот во Полициската станица Велес, Р.Н.(71) од Велес пријавил дека на улица „Благој Горев" во Велес бил каснат од куче скитник.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против У.Х.(54) од струшко село Велешта поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба на електрична енергија". При контрола од екипа од ЕВН, извршена на 08.10.2024 во нејзиниот стан во Струга, констатирано е дека со преместување на фаза директно на содветен оператор на системот, во периодот од ноември 2023 година до октомври 2024 година противправно користела електрична енергија.

На 19.12.2024 во 01 часот на земја покрај пат кој води кон ул. „Шукри Шаин" во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани пронашле две оштетени пушки. Увид бил извршен и по наредба на јавен обвинител пушките биле подигнати за понатамошна постапка. Во врска со настанот, бил извршен службен разговор со Д.Н. и по негово целосно документирање ќе следува соодветна пријава.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Т.Т.(28) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". Во мај 2023 година, во повеќе наврати преку посредници кои ги користела како транспорт без нивно знаење, во пакет со храна, пријавената пренесувала марихуана до осуденик во Казнено - поправната установа Затвор Битола.

СВР Битола поднесе кривична пријава против З.Б.(31) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". Полициски службеници во неколку наврати извршиле преглед над пријавениот, при што биле пронајдени и одземени хероин, марихуана, грутчеста материја и амфетамин.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против И.А.(47) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 15.10.2024 во Казнено - поправната установа Затвор Струмица бил извршен претрес во просторијата на пријавениот, била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Х.Г.(30) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 26.05.2023 во СВР Битола, сопругата на пријавениот пријавила дека во домот пронашла метанфетамин, сопственост на пријавениот и ја предала на полициските службеници.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.А.(32) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 13.08.2024, пријавениот физички ја нападнал неговата 36-годишна сопруга.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.Ш.(18) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 10.12.2024, пријавениот физички ја нападнал неговата 51-годишна мајка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против С.М.(64) с.Дебреше, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 05.08.2024, пријавениот физички ја нападнал неговата 65-годишна сопруга.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ф.А.(32) од с.Падалиште поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 26.09.2024, пријавениот физички ја нападнал неговата 61-годишна мајка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ф.Р.(30) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" во врска со семејно насилство. На 08.07.2024, пријавениот упатувал закани на неговиот татко.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против В.М.(43) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 16.08.2024, пријавениот со употреба на сила влегол во домот на М.К. и упатувајќи и закани барал пари, а откако не му дала заминал.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.К.(28) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа", против Б.М.(46) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „измама" и против А.М.(22) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „употреба на исправа на невистинита содржина". На 08.07.2024, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „ауди", управувано од третопријавената, при што било констатирано дека на увид дала фалсификувана возачка дозвола, која за одреден паричен надомест ја набавила од прво и второпријавените. На 27.07.2024, при претрес во домот на второпријавениот, биле пронајдени и одземени повеќе возачки дозволи, две патни исправи и лични карти од Република Хрватска и Република Бугарија. Исто така, по преземени мерки било утврдено дека второпријавениот во текот на 2020 и 2021 година, на едно лице за износ од 7.000 евра му овозможил да се стекне со фалсификувани бугарски документи.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.И.(52) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама" и Н.И.(29) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање". Првопријавениот довел во заблуда едно лице на тој начин што зел 2.000 евра капар со намера да му биде обезбедена работна виза од Република Словачка, доведувајќи го во заблуда дека посредува во работа во Словачка. Второпријавениот, иако знаел дека прикажаните факти се невистинити, му помогнал на првопријавениот на начин што во неговата компанија во с.Боговиње, потпишале интерен меѓусебен договор во кој се потврдува дека примил од него 2.000 евра.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.К.(43) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 29.02.2024 пријавениот позајмил патничко возило од А.О., но не му го вратил. На 07.03.2024 во с.Дебреше, гостиварско, А.О. го нашол своето возило и дознал дека пријавениот му го продал на друго лице.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.А.(43) Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во јануари 2023, пријавената го довела во заблуда Е.О., дека ќе му помогне да добие виза за странска земја, за што добила 3.000 евра за посредништво, а потоа не можел да стапи во контакт со неа.

Секој упад и злоупотреба на веб-страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет